*Република Северна Македонија*
*Republika e Maqedonisë së Veriut*
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Бр: 09-4350/1
05.08.2025

# ПОВИК

Согласно членот 12 став (16) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), а врска со Одлуката за објавување на јавен оглас за избор на претседател на Државната комисија за спречување на корупцијта („Службен весник на Република Северна Македонија" број 160/25), Собранието на Република Северна Македонија објавува Повик до здруженија на новинари, други здруженија и фондации за учествуво во интервјуто на кандидатите кои ги исполнуваат условите за именување на претседател на Државната комисија за спречување на корупцијата. Рокот за пријавување на Повикот е десет дена од денот на неговото објавување.

Сите здруженија на новинари кои се основани согласно закон, односно регистрирани повеќе од пет години и секое здружение или фондација регистрирано согласно закон и со искуство од најмалку пет години во областа на спречување на корупцијата, владеење на правото или добро управување имаат право да се пријават на повикот и да учествуваат во интервјуто, со по еден претставник за кој доставуваат податоци за идентификација.

Пријавувањето на здруженијата и фондациите се доставува писмено до Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието.

Терминот за одржување на интервјуто ќе се објави на веб-страницата на Собранието на Република Северна Македонија на денот на објавувањето на листа на пријавените кандидати со податоци кои од нив ги исполнуваат условите.

5 август 2025 година

# THIRRJE

Në pajtim me nenin 12 paragrafi (16) të Ligjit për parandalimin e korrupsionit dhe konfliktit të interesave ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 12/2019), dhe në lidhje me Vendimin për shpalljen e konkursit publik për zgjedhjen e kryetarit të Komisionit Shtetëror për Parandalimin e Korrupsionit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 160/25), Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut shpall Thirrje për shoqatat e gazetarëve, shoqatat dhe fondacionet e tjera për pjesëmarrje në intervistën e kandidatëve të cilët i plotësojnë kushtet për emërimin e kryetarit të Komisionit Shtetëror për Parandalimin e Korrupsionit. Afati për paraqitje në Thirrjen është dhjetë ditë nga dita e shpalljes së saj.

Të gjitha shoqatat e gazetarëve që janë themeluar në përputhje me ligjin, përkatësisht të regjistruara për më shumë se pesë vjet, dhe çdo shoqatë ose fondacion i regjistruar në përputhje me ligjin dhe me të paktën pesë vjet përvojë në fushën e parandalimit të korrupsionit, sundimit të së drejtës ose qeverisjes së mirë, kanë të drejtë të paraqiten në thirrje dhe të marrin pjesë në intervistë, me nga një përfaqësues për të cilin dorëzojnë të dhëna për identifikim.

Paraqitja e shoqatave dhe fondacioneve i dorëzohet me shkrim Komisionit për Çështje të Zgjedhjeve dhe Emërimeve të Kuvendit.

Termini për mbajtjen e intervistës do të publikohet në ueb-faqen e Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut në ditën e shpalljes së listës së kandidatëve të paraqitur me të dhënat se kush prej tyre i plotësojnë kushtet.

5 gusht 2025

**ПРЕТСЕДАТЕЛ/KRYETARI**
Африм Гаши / Afrim Gashi